## ИНФОРМАЦИИ ДО СУБЈЕКТИТЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

### 1. Информации во врска со обработка на лични податоци

Идентитет и контакт на податоците на контролорот и офицерот за заштита на личните податоци: Контролор: Иново брокер АД Скопје, седиште во Скопје на бул.Теодосиј Гологанов бр.60/1 Скопје, e-mail: broker@innovobroker.com.mk, Офицер за заштита на личните податоци: saso.kitanovski@innovobroker.com.mk Дополнителни податоци за офицерот за заштита на личните податоци може да најдете на интернет страницата на Друштвото www.innovobroker.com.mk

### 2. Обработка и заштита на личните податоци

Иново Брокер АД Скопје врши обработка (собирање, евидентирање, организирање, чување итн.) на лични податоци на субјекти на лични податоци во согласност со одредбите на Законот за заштита на лични податоци и другите релеванти позитивни законски прописи, применувајќи соодветни технички и организациски мерки за обезбедување на безбедност на личните податоци.

Собраните лични податоци се дел од збирките на лични податоци на Иново Брокер АД Скопје, а Иново Брокер АД Скопје во својство на контролор на личните податоци, истите ги користи согласно основните начела за обработка на лични податоци дефинирани во Законот за заштита на личните податоци.

### 3. Правен основ за обработката на личните податоци

Правниот основ за обработка на лични податоци од страна на Иново Брокер АД Скопје може да се нотира во позитивните прописи на Република Северна Македонија, посебно во оние кои ги регулираат правата и обврските од договорите, вработувањето, трговските друштва, работењето на брокерските куќи, заштитата на личните податоци и др.

Дополнително, од определена категорија на субјекти на лични податоци, Иново БрокерАД Скопје обезбедува и согласност за обработка на лични податоци.

### 4. Цели за обработката на личните податоци

Иново Брокер АД Скопје обработува лични податоци кои се неопходни за извршување на права и обврски кои произлегуваат од претходно склучени договори за тргување, договори за услуги, договори за вработување, како и други договори преку се извршува или се подржува извршувањето на предметот на работење на Иново Брокер АД Скопје.

Личните податоци од страна на Иново Брокер АД Скопје се обработуваат доколку постои законски основ, легитимна цел, како и врз основа на претходна согласност од субјектот на личните податоци, а недавањето на согласност за обработка на овие податоци може да има за последица несоодветно остварување на определени права и обврски. Личните податоци може да се обработуваат и доколку за истото постои друга законска основа за обработка.

Согласноста за обработка на личните податоци може да се повлече во секое време преку доставување на известување за повлекување на согласност по пошта на следната адреса: бул.Теодосиј Гологанов бр.60/1 Скопје, со назнака за Офицерот за заштита на лични податоци или преку електронска адреса saso.kitanovski@innovobroker.com.mk Со повлекување на согласноста за обработка на лични податоци Иново Брокер АД Скопје ќе прекине со понатамошна обработка на личните податоци и истите ќе ги избрише од базите на податоци со што можат да настанат определени последици, освен во случај кога постои друга обврска за обработка на личните податоци.

**5. Рокови на чување на лични податоци**

Личните податоци, Иново Брокер АД Скопје ги чува во рокови определни во позитивните прописи, односно во рокови определени во прописите кои ја дефинираат архивската граѓа. По истекот на роковите за чување личните податоци ќе бидат избришани/уништени од базите на податоци на Иново Брокер АД Скопје и истите нема да се обработуваат за други цели.

**6. Права на субјектите на личните податоци**

Остварување на правата кои произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци (право на пристап, корекција, бришење, ограничување на обработката на лични податоци, приговор и преносливост), се врши преку доставување на барање на електронската адреса на офицерот за заштита на лични податоци: saso.kitanovski@innovobroker.com.mk На истата електронска адреса може да се достави барање во врска со сите прашања поврзани со обработката на личните податоци.

Доколку субјектот на лични податоци смета дека обработката на личните податоци за целите не е во согласност со одредбите на Законот за заштита на личните податоци, или пак смета дека е повредено некое право за заштита на личните податоци, има право да поднесе барање за утврдување на прекршување на прописите за заштита на личните податоци до Агенцијата за заштита на личните податоци како надлежен орган за вршење на надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци на територијата на Република Северна Македонија.

**7. Пренос на личните податоци**

Иново Брокер АД Скопје може да изврши пренос на лични податоци во земји членки на Европската Унија, земји членки на Европскиот економски простор, земји члени на НАТО и трети земји. За вршење на

преносот на лични податоци во земји членки на Европската унија, Европскиот економски простори и земји члени на НАТО се известува Агенцијата за заштита на личните податоци, а преносот на лични податоци во трети земји се врши по претходно добиено одобрени од страна на Агенцијата за заштита на личните податоци.

При вршење на преносот на личните податоци се обезбедува високо ниво на технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци. Исто така, се обезбедуваат сите неопходни заштитни мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци преку стандардни клаузули за заштита на личните податоци кои се одобрени и објавени од страна на Европската комисија.

Сите дополнителни информации во однос на заштитните мерки може да се добијат со поднесување на барање до по пошта на следната адреса: бул.Теодосиј Гологанов бр.60/1 Скопје со назнака за Офицерот за заштита на лични податоци или преку електронска адреса saso.kitanovski@innovobroker.com.mk

**8. Обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг**

Личните податоци за цели на директен маркетинг, Иново Брокер АД Скопје ги обработува само врз основа на експлицитна согласност за обработка на личните податоци за цели на директен маркетинг за своите услуги.

Согласноста за обработка на личните податоци за цели на директен маркетинг може да се повлече во секое време, бесплатно, со писмено барање (доставено на следната електронска адреса: saso.kitanovski@innovobroker.com.mk, или по пошта до Иново Брокер АД Скопје, бул.Теодосиј Гологанов бр.60/1 Скопје, со назнака “До Офицерот за заштита на лични податоци”).